Врз основа на член 141 од Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр.53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009 и 48/2010), член 205 од Законот за општа управна постапка (Службен весник на РМ бр.38/2005), Градоначалникот на Општина Свети Николе го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

На ДППУ "Коки Лукс" дооел Свети Николе му се издава дозвола за усогласување со оперативен план.

**Образложение**

ДППУ "Коки Лукс" дооел Свети Николе на ден 26.01.2009 година до Општина Свети Николе поднесе Барање бр 07/2009. По разгледување на поднесеното Барање и пропратната документација, Одделението за урбанизам и заштита на животната средина при Општина Свети Николе констатира одредени недостатоци, па со допис – заклучок бр.1103-95/2 од 10.02.2009 година побара во рок од 30 дена да изврши дополнување на барањето.

На ден 09. 10. 2009 година од страна на овластениот инспектор за животна средина Валентина Гилева со лицето Сашо Панев овластен за работи од животна средина при Општина Свети Николе, изврши увид на инсталацијата на ДППУ "Коки Лукс" дооел Свети Николе при што е составен Записник за констатација, по што е издаден и Заклучок бр.1103-95/4 од 15.10.2009 година.

Од страна на Општина Свети Николе се изготви Нацрт – Дозвола за усогласување со оперативен план бр.11-47/4 од 16.06.20101 година и истиот се достави до ДППУ "Коки Лукс" дооел Свети Николе, кој со свој акт бр.314/2010 од 01.07.2010 година изјави дека нема забелешки на условите и мерките од оперативниот план на Нацрт-Дозволата.

По завршување на постапката, согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за животна средина, Општина Свети Николе донесе одлука како во диспозитивот на ова Решение.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Свети Николе
Роберт Ѓоргиев